**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 51/21-1**
27/07/2021 година
Неготино

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, по објавување на Јавниот оглас број 2/21 за вработување на судски службеник на неопределено време за работно место судски соработник категорија „В" ниво 3, 1/еден/ извршител, согласно член 3 став 1, а во врска со член 20 став 1 алинеа 1 и член 27 став 1 од Законот за судска служба, на ден 27.07.2021 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

Јавниот оглас број 2/21 за вработување на судски службеник на неопределено време за работно место судски соработник категорија „В" ниво 3, 1 /еден/ извршител, објавен на веб страната на Основен суд Неготино и во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" на ден 26.06.2021 година, **СЕ ПОНИШТУВА**.

Се повикуваат кандидатите кои имаат доставено пријави под шифрите: ОСНЕГОТИНО 02/2021- од 01 до 04, истите да ги подигнат од приемно одделение во судот.

Одлуката за поништување на Јавниот оглас да се објави на на веб страната на Основен суд Неготино и во дневните весници „Слободен печат" и „Коха".

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Неготино на ден 26.06.2021 година на веб страната на судот и во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" објави Јавен оглас број 2/21 за вработување на неопределено време на судски службеник за работно место судски соработник категорија „В" ниво 3, 1 /еден/ извршител.

По распишување на Јавниот оглас се пристапи кон формирање на Комисија за селекција за вработување согласно член 27 став 1 од Законот за судска служба. Во Основен суд Неготино во моментот има само еден судски службеник -Информатичар од „В" категорија вработен на неопределено време.

Согласно член 27 став 1 од Законот за судска служба, Комисијата за селекција за вработување треба да биде составена од три члена и тоа: еден раководен, односно стручен судски службеник, еден судски службеник со исто звање за кое е распишан Јавниот оглас и еден член на советот.

За формирање на Комисија за селекција за вработување согласно член 27 став 1 од Законот за судска служба, Претседателот на судот побара да бидат определени судски службеници од друг суд за членови на Комисијата за селекцијата за вработување, а со согласност на претседателите на судовите, во смисла на член 45 и член 47 од Законот за судска служба. Како не беше постигната согласност за определување на судски службеници од друг Основен суд, Претседателот на судот достави барање до Апелационен суд Скопје, да преку овој суд бидат определени судски службеници за членови на Комисијата. Од страна на Апелационен суд Скопје е доставено известување да Комисијата за селекција за вработување се формира од редот на вработените во судот. По барање и до Советот на судска служба, примено е известување дека Советот на судска служба има законска обврска да определи само еден член од Советот согласно членот 27 од Законот за судска служба, а останатите членови се од вработените во судот.

Со оглед дека не се определија судски службеници од друг суд со звање за кое е распишан јавниот оглас, а како сите останатите судски службеници во Основен суд Неготино вработени на неопределено време се од пониска „Г" категорија и нема судски соработник од „В" категорија, не може да се формира Комисија за селекција за вработување во состав согласно одредбите од членот 27 став 1 од Законот за судска служба.

Предвид горенаведеното, а како до истекот на рокот за административна селекција од член 29 став 9 од Законот за судска служба не се формира Комисија за селекција за вработување во состав со членови од категориите предвидени во алинеа 1 и алинеа 2 од член 27 став 1 од Законот за судска служба, постапката за вработување по распишаниот Јавен оглас не може да се спроведе согласно одредбите од Законот за судска служба, поради што и следуваше Јавниот оглас да се поништи.

Со оглед дека доставените пријави по јавниот оглас не се отворени, се повикуваат кандидатите со поднесените пријави под шифрите ОСНЕГОТИНО 02/2021- од 01 до 04, истите да ги подигнат од приемно одделение во судот.

Основен суд Неготино, 27/07/2021 година.

**Претседател на судот-**
Билјана Толова